Врз основа на член 18,23 и 104 од Законот за Здруженија и фондации (Сл.весник на Р.Македонија бр. 52/2010), а согласно член 104 од истиот закон Комисијата за Статут и правни прашања,по предлог на И.О., Собранието на Здружението на старосни, семејни, инвалидски и други пензионери од општина Делчево на својата редовна седница одржана на ден 29-06-2019 г. донесе:

**С Т А Т У Т**
**На здружението на старосни, семејни, инвалидски и други пензионери од општина Делчево**
**( прочистен текст)**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се утврдува начинот, условите и постапката за основање, организирање и престанок на Здружението на пензионери од општина Делчево, имотот со кој располага, надзорот и статусните промени.

Член 2

Здружението е здружение на корисници на старосни, семејни, инвалидски и други корисници на пензија кои доброволно ке се определат да членуваат во здружението.
Корисниците на пензија од став 1 од овој член се здружуваат во здружението врз доброволно определување во здружението согласно Законот за здруженија и фондации, заради остварување на заедничките и личните интереси во остварувањето на заштитата на правата од пензиското и инвалидското осигурување, здравствената заштита и други права.

Член 3

Покрај работите од член 2 од овој Статут, здружението во интерес на своите членови презема и остварува работи од хуманитарен карактер и се вклучува во хуманитарни акции на подрачјето на кое делува здружението, а според укажаната потреба.

Член 4

Здружението е правно лице, има сопствена жиро сметка и е запишано во Регистарот што го води Централниот регистар на Република Македонија и е непрофитна, вонпартиска и невладина организација

Здружението не може да се трансформира во друг вид правно лице.

Со овој Статут се утврдуваат прашања во врска со:

1. Името и седиштето на здружението,
2. правен статус,
3. целите на здружението
4. дејностите со кои се остваруваат целите,
5. територијалното дејствување,
6. начинот на одлучување на зачленување,
7. исклучување и престанок на членството во здружението,
8. правата и обврските и одговорностите на членовите,
9. видот на органите и нивниот состав,
10. начинот на избор и разрешување,
11. траење на мандатот на органите и начинот на одлучувањето,
12. застапување на здружението,
13. начинот на стекнување и располагање на средствата,
14. начинот на остварување на јавноста,
15. начинот на донесување на финансиски и други извештаји,
16. начинот на остварување на јавноста во работењето и отчетноста на работењето,
17. начинот на донесување на програмите и плановите,
18. внатрешната организација на работењето во здружението,
19. соработка и здружување,
20. судир на интереси,
21. начин на разрешување на спорните прашања,
22. начинот на донесување на одлуки за статусни промени и престанок на здружението,
23. и други прашања од значење на работата на здружението.

## II.ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 5

Името на здружението гласи: Здружение на старосни, семејни, инвалидски и други пензионери на општина Делчево ( во понатамошниот текст здружение), е здружение на граѓани корисници на пензија во кое доброволно се зачленуваат старосните, семејните, инвалидските, воените и земјоделските пензионери од општина Делчево.

Седиштето на здружението е во општина Делчево на ул. „Трст“ бр. бб

## III. ПРАВЕН СТАТУС НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 6

Здружението на пензионери на општина Делчево е организација со својство на правно лице.

Статусот на правното лице го стекнува со уписот во Регистерот што го води Централниот регистер на Република Македонија.

Здружението не може да се трансформира во друг вид правно лице.

Член 7

Здружението има печат во форма на круг и штембил во форма на правоаголник.

Печатот е со димензии со пречник на круг од 34 мм со текст околу кругот: Здружение на старосни, семејни, инвалидски и други пензионери од општина Делчево.

Штембилот има правоаголна форма со димензии од 63 мм со истиот текст како печатот а со посебно место за бројот и датумот.

## IV.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 8

Здружението своите цели, задачи, правата, интересите, должностите и одговорностите ги остварува во согласност со Уставот, законите и овој статут и е независно во определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со овој статут.

Член 9

Целите и задачите на здружението се:

1. Превземање работи и активности во организирано остварување на правата утврдени со овој статут, закон и други општи акти на здружението;
2. Унапредување и јакнење на дејствувањето на здружението, развивање на демократски односи и создавање на услови за пошироко учество за одлучувањето на прашања од надлежност на здружението;
3. Омасовување на здружението со членови;
4. Следење на прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената заштита и од другите области од кои произлегува остварувањето на нивните права.
5. Следење на социјалната состојба на членовите и превземање за остварување на работи од хуманитарен карактер како и вклучување во хуманитарни акции на одредени хуманитарни организации и други работи од интерес на членовите;
6. Покренување на прашања и иницијативи пред надлежните органи и организации за разгледување и разрешување на прашања и проблеми од интерес на пензионерите и нивната уставна правна заштита;
7. Организирање на културен забавен живот, одмори, спорт и рекреација;
8. Организирање и обезбедување на взаемна парична помош на членовите преку Солидарниот фонд со обезбедување на средства со лично учество на членовите на здружението;
9. Создавање на услови и можности за рамноправна застапеност во органите и телата на членовите без разлика на национална, верска, полова и политичка определеност;
10. Соработка со локалната самоуправа и други здруженија, надлежни организации во општината и во Републиката;
11. Организирање и снабдување на пензионерите со огревно дрво;
12. Организирање и снабдување на клубови за дневен престој на пензионерите;
13. Учество во работата на Сојузот на пензионерите;
14. Сместување на пензионерите во пензионерски домови според утврдени критериуми;
15. Утврдување на цената за сместување во пензионерски домови;
16. Издавање под закуп на деловните и стамбените простории сопственост на здружението;
17. Остварување и на други цели кои се од интерес на пензионерите;

## V. ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

Член 10

Заради остварување на целите од предходниот член, здружението на пензионерите, обавува дејности, класифицирани според националната класификација на дејности, преку кои ќе се остварат зацртаните цели на здружување, односно дејности на други организации врз база на зачленување неспомнати други места 94.94
70-32/0 Управување со недвижен имот врз база на договор;
80-10 Комбинирани помошни дејности на објекти;
74-87/0 Други деловни активности не споменати на друго место;
82-99 Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место.

## VI. ТЕРИТОРИЈАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Здружението на пензионери на општина Делчево дејствува на територијата што ја покрива општината утврдена со рамковните граници на општината и населените места:
- Огранокот Милково брдо бира од 3-5 ( од три до пет) члена во раководство на Огранокот и 9 (девет) делегати за Собранието;
- Огранокот Ново Делчево во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 4 (четири) члена во Собранието;
- Огранокот III-ти реон заедно со Расадникот во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 4(четири) делегати во Собранието;
- Огранокот II-ри реон во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
- Огранокот I-ви реон во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 3(три) делегата во Собранието;
- Огранокот Драмче во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
-Огранокот Бигла, Турија и Илиово во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
- Огранокот Разловци во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
- Огранокот Трработивиште со Стар Истевник и Нов Истевник во раководство на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
-Огранокот с. Вирче во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
-Огранокот с.Град во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
- Огранокот с.Стамер во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
-Огранокот с.Звегор со населба Звегорска река во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 1(еден) делегат во Собранието;
-Огранокот с.Габрово во раководството на Огранокот бира 3 (три) члена и 2 (два) делегати во Собранието;

## VII.НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 12

Секој пензионер, слободно и доброволно одлучува за зачленување во здружението со давање на пристапница-изјава за членство во здружението и плаќање на членарина на здружението и плаќање на износ на Солидарен фонд.
Член на здружението може да биде секое физичко лице кое остварило право на пензија и пристапил кон плаќање на членарина на здружението.
Зачленувањето во здружението престанува со смрт на член на здружението, со откажување од плаќање на членарина и со исклучување од членство во здружението.
Здружението за своите членови води регистар на членовите кој се ажурира најмалку еднаш на две години.
Податоци во регистарот се заштитени согласно прописите за заштита на лични податоци.
Секој член на здружението може да истапи од здружението.

Член 13

Членувањето во здружението престанува:

- со губење на право на пензија;
- со настапување на смрт;
- по свое барање или преселување во друго здружение;
- ако повеќе од 6 (шест) месеци не плаќа членарина;
- Член на пензионерите неможе да се исклучи од членството на пензионерите,а може да се исклучи од органите за кој веке е избран и поставен.

Одлуката за престанување на членство во органите со исклучување од претходниот став алинеја 5 од овој Статут донесува Извршниот одбор на здружението со мнозинство гласови од присутните членови.

## VIII.ПРАВАТА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 14

Членовите на здружението имаат еднакви права, обврски и одговорности и тоа:

- да плаќа членарина на здружението, која се задржува од страна на фондот на ПИОМ при исплата на пензијата;
- да избира и да биде избран од органите и телата на здружението;
- да учествува во работата на здружението според своите можности;
- да дава предлози и покренува иницијативи по одредени прашања и учествува во одлучување по истите;
- да се залага за остварување на целите и задачите на здружението;
- да членува во Солидарниот фонд за взаемна помош на корисниците на пензија, да ги подмирува обврските према него и да ги користи сите права според актите за неговото работење и
- да бара совет и правна помош по прашања од пензиското и здравственото осигурување,

## IX. ВИДОТ НА ОРГАНИТЕ И НИВНИОТ СОСТАВ НАЧИНОТ НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ, ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ОРГАНИТЕ И НАЧИНОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 15

Органи на здружението се:

1. Собрание на здружение
2. Извршен одбор
3. Надзорен одбор и
4. Комисија за статут и правни прашања

### 1.Собрание на здружението

Член 16

Собранието на здружението е највисок орган на здружението.

Собранието го сочинуваат претставници – делегати избрани од ограноците на пензионери при здружението.

Собранието на здружението брои 31 (триесет и еден) член.

Бројот на претставници на собранието на здружението по ограноци се утврдува со акт на собранието односно Извршниот одбор, во зависност од бројот на членовите на огранокот.

Секој огранок мора да биде застапен во собранието со најмалку еден член.

Член 17

Мандатот на членовите на собранието трае 4 (четири) години, со право да бидат повторно избрани.

Собранието врши верификација на мандатот на членовите на собранието по предлог на верификационата комисија.

Член 18

Собранието избира Претседател на Собранието од редот на членовите на Собранието по предлог на кандидационата комисија со јавно гласање и со мнозинство на гласови од вкупниот број на присутни членови на собранието.

Претседателот на Собранието е воедно и претседател на Извршниот одбор.

Член 19

Собранието на Здружението ги врши следните работи:

1. Избира претседател на Собранието;
2. Донесува Статут на Здружението
3. Донесува програма за работа за мандатниот период и за секоја година;
4. Донесува деловник за работа на Собранието;

5.Усвојува годишен извештај за работа на Извршниот одбор и Надзорниот одбор;
6.Усвојува годишна пресметка на приходи и расходи на Здружението;
7.Утврдува и донесува финансов план на приходи и расходи на Здружението;
8.Одлучува за основање и укинување на Ограноци и други облици на организирање на Здружението во тековната година;
9.Одлучува за здружување или раздружување од друго Здружение или Сојуз или во други облици на поврзување или здружување како и за членување во сојузи и меѓународни организации;
10.Избира органи на здружението: Извршен одбор од редот на членовите на Собранието, Надзорен одбор и комисијата за Статут и правни прашања од редот на членовите на здружението кои не се членови на Собранието;
11.Избира претставник во Сојузот на пензионерите на Македонија;
12. Дава согласност за избор на кандидати за Претседател на Сојузот на пензионерите на Македонија,
13. Одлучува за престанок на Здружението и за начинот на користење на имотот и средствата по престанокот на Здружението;
14. Донесува одлуки, решенија, заклучоци и дава препораки;
15. Го овластува надлежниот Управен орган на регистрираната организација на сојузите за покачување или намалување на членарината и средствата на Солидарниот фонд;
16.Одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на други органи на Здружението;
17.Одлучува за соработка и збратимување со други здруженија на пензионери од Републиката и надвор од неа;
18. Врши и други работи во согласност со Закон и овој Статут и други општи акти на здружението

Член 20

Собранието работи на седници.
Седниците се одржуваат најмалку еднаш годишно, а по потреба може и повеќе пати.
Седница на Собранието свикува претседателот на Собранието.
Седница на Собранието се свикува и по предлиг на Извршниот одбор на Здружението; по барање на 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието и по барање на Надзорниот одбор.
Ако претседателот на Собранието во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор на Здружението или иницијаторите во наредните 14 (четиринаесет) дена.

Член 21

Со седницата на Собранието раководи претседателот на Собранието, а во негова отсутност го заменува Секретарот на Собранието – Извршниот одбор.
Собранието може да работи ако на него присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на членови на Собранието.
Секој член на Собранието има право на глас.
На Собранието се одлучува со јавно гласање само со кревање на рака, доколку со мнозинство гласови од присутните членови не одлучат гласањето да биде тајно.
Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.
Статутот на Здружението и одлуката за престанок на Здружението се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

Член 22

Изборите на членовите на Собранието ги распишува
Претседателот на Собранието, најмалку 60 (шеесет) дена пред истекот на мандатот на членовите на Собранието.
За изборната седница на Собранието се донесува посебен деловник за работа на изборната седница.
Изборната седница на Собранието ја свикува и до избор на работно претседателство раководи Претседателот на Собранието. Во колку нема Претседател или не е присутен на седницата, изборната седница ја свикува и со неа раководи Секретарот на Собранието – Извршниот одбор до изборот на работно претседателство.

Член 23

Избраните членови на Собранието ги имаат следните права и должности:

- Да учествуваат во работата на Собранието и да заземаат ставови по прашањата за кои се одлучува;

-Да ги застапуваат ставовите, предлозите и мислењата на огранокот од кои се избрани и да ги запознаваат со работа на Собранието и неговите органи;

- Да избираат и да бидат бирани во органите и телата на Собранието;

- Да покренуваат иницијатива за разрешување прашања од интерес на Здружението, да поставуваат прашања и учествуваат во донесување на одлуки, препораки, решенија, заклучоци од интерес на Здружението.

Член 24

Избраниот член на Собранието се стекнува со право и должности со денот на верификацијата на мандатот.

Член 25

На избран член на Собранието му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран и тоа: во случај на смрт, ако даде неотповиклива оставка, престане да биде член на здружението или ако е отповикан од огранокот од каде бил избран.

На член на кој му е престанат мандатотот поради причините од ставот 1 на овој член се распишуваат дополнителни избори за член на Собранието во огранокот од каде бил избран.

## 2. **Извршен одбор**

Член 26

Покрај Собранието во здружението како орган се избира и Извршен одбор во состав од 11 (единаесет) члена.

За избран член на Извршниот одбор се смета оној кандидат предложен од Кандидационата комисија за кој гласале повеке од половина од присутните членови на Собранието, за период од 4 години.

Претседателот на Собранието е воедно и Претседател на Извршниот одбор

Член 27

И.О. избира секретар од своите редови или од редовите на избрани членови на ,собранието за период од 4 години.

Секретарот на Извршниот одбор го заменува Претседателот на Извршниот одбор во случај на негова отсутност и ги има сите права и обврски како и Претседателот на Извршниот одбор.

Секретарот на здружението за својата работа одговара пред Извршниот одбор и пред Собранието на здружението.

Член 28

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието за што најмалку еднаш годишно му поднесува извештај за својата работа.

Извршниот одбор на Здружението се грижи за извршување на Програмата за работа и другите акти на Собранието за што поднесува извештај.

Член 29

Членовите на Извршниот одбор на Здружението имаат еднакви права и одговорности и се рамноправни при одлучувањето.

Член 30

Извршниот одбор работи на седници.

Седниците на Извршниот одбор се одржуваат по потреба.

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Извршниот одбор.

Извршниот одбор може да работи и полноважно да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на членови на Извршниот одбор.

Одлуките на Извршниот одбор полноважно се донесуваат ако за нив гласале повеке од половина од присутните членови.

За текот на седницата и за гласањето се води Записник на Извршен одбор, кој се усвојува на наредната седница на Извршниот одбор.

Записникот го потпишува Претседателот на Извршниот одбор и записничарот.

Во работата на седницата на Извршниот одбор може да бидат повикани да присуствуваат и да учествуваат во работата на седницата и ограноците, консултант специјалист , претседателите на комисиите, Претседателот на Надзорниот одбор, делегатот на СЗПМ и други лица спрема потребата што ја оценува Претседателот на Извршниот одбор.

За учеството на седницата на членовите на Извршниот одбор и на поканетите учесници на седницата, им следува, надоместок за патни и дневни трошоци, согласно одлуката за утврдување на висината на надоместоците.

Член 31

Извршниот одбор на Здружението ги врши следните работи:

1.Ги подготвува седниците на Собранието;

2.Го утврдува нацртот и предлогот на Статутот на Здружението и другите акти што треба да ги донесе Собранието;

3.Ги спроведува одлуките, заклучоците и ставовите донесени од Собранието;

4.Управува со имотот и средствата на Здружението;

5.Одлучува за користење на средствата на Здружението според намените утврдени со финансискиот план на приходи и расходи на Здружението во тековната година;

6.Донесува деловник за својата работа;

7.Утврдува предлог годишна пресметка на приходи и расходи на Здружението и предлог финансов план на приходи и расходи за тековната година и ги поднесува до Собранието за усвојување;

8.Утврдува предлог деловник за работа на Собранието;

9.Утврдува предлог одлуки кои треба да ги донесе Собранието;

10.Формира комисии и работни тела и го утврдува нивниот делокруг на работа;

11.Предлага одлука за престанок-исклучување од членство на член на Здружението ако редовно не плаќа членарина и констатира престанок на членство во Здружението;

12.Донесува одлуки, решенија, заклучоци, правилници и други акти по барања доставени од пензионери и други субјекти;

Формира стручна служба заради реализација-извршување на целите и задачитена Здружението;

13.Формира стручна служба заради реализација-извршување на целите и задачите на Здружението.

14. Определува со акт надоместок на трошоците-награда на лицата ангажирани за извршувања на работите и за други лица кои ке бидат ангажирани за вршење на определени работи во Здружението;

15..Го утврдува надоместокот за вршењето на работите од страна на Претседателот, Секретарот и други лица во рамките на утврдениот Финансиски план на Здружението;

16. Ги следите прописите од пензиското и инвалидското осигурување, правото на порастот на пензиите согласно законот и одлуките на Владата

17. Ги следи прописите од здравствената заштита, позитивната листа на лекови и снабдување со лекови;

18.Решава по приговори поднесени против решенија донесени од Претседателот на Извршниот одбор;

19.Решава по барања, приговори, жалби и поплаки поднесени од членови на Здружението и дава одговор на поставени прашања;

20.Склучува договори со други здруженија, организации и физички лица од интерес на Здружението;

21.Предлага доделувања Признанија, Дипломи, Благодарници и друго;

22.Врши информирање на членството и пошироко за работата на Здружението и ИО;

23.Врши и други работи кои не се во надлежност на Собранието.

Член 32

**Претседателот на здружението ги врши следните работи:**

1.Ги свикува седниците на Извршниот одбор, го предлага дневниот ред и раководи со седницата;

2.Го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица;

3.Ги извршува Одлуките,решенијата, заклучоците на Собранието и Извршниот одбор;

4.Ангажира стручни лица од редот на членовите на Здружението за извршување на одредени работи на Здружението;

5.Води грижа за рационално користење на имотот и средствата на Здружението и за инвестиционо и тековно одржување на објектите врз основа на програма;

6.Склучува и потпишува договори во име на Здружението;

7Одговорен е за реализација на приходите и расходите утврдени со финансискиот план и истите ги следи во тековната година за нивна правилна реализација;

8.Врши и други работи предвидени со овој Статут и други акти на Собранието.

Член 33

**Секретарот на извршниот одбор ги врши следните работи:**

1.Оперативно и технички ги спроведува одлуките, решенијата,заклучоците и ставовите на Собранието и Извршниот одбор и комисиите;

2.Организира и подготвува материјали за седници на Собранието и Извршниот одбор;

3.Ја организира работата на стручната служба, раководи со стручната служба и со други лица ангажирани по договор за дело за извршување на определени работи.

4.Извршува стручни работи во изготвување на акти кои ги донесува Собранието и Извршниот одбор.

5.Извршува и други работи по овластување и налог на Претседателот на Извршниот одбор.

Се избира за период од 4 години.

**3, Надзорен одбор**

Член 34

Надзорниот одбор се формира за:

-Да врши надзор и контрола на наменското користење и располагање со средствата кои ги има Здружението.

-Да ја следи примената на Статутот, програмите и финансовиот план.

-Да врши контрола на документите од завршната сметка и користи и утврдува дали во текот на годината средствата се наменски користени согласно утврдените планови од Собранието.

Член 35

Надзорниот одбор е орган на Здружението, кој го бира Собранието со мандат од 4 (четири) години.
Надзорниот одбор се состои од 3 (три) члена кои не се членови на Собранието и ИО.
Надзорниот одбор за својата работа врши контрола-надзор и за утврдената состојба го известува Извршниот одбор и Собранието.
-Се избира за перод од 4 години

**4.Комисија за Статут и правни прашања**

Член 36

Собранието на здружението избира комисија за Статут и правни прашања.
Комисијата за Статут и правни прашања се состои од 3 (три) члена кои ги избира Собранието од редот на членовите на здружението со мандат од 4 (четири) години.
Комисијата за Статут и правни прашања ги врши следните работи:

-Изготвува нацрт Статут на Здружението и други акти за Собранието и Извршниот одбор;

-Ги следи прописите од областа на пензионерското осигурување, здравствената заштита и други прописи од кои произлегуваат правата и обврските на Здружението;

-Дава мислење за одредени акти на сојузите во кои се здружува Здружението.

## X, ОДГОВОРНОСТ ЗА ОБВРСКИТЕ

Член 37

Избраните членови на органите, одговараат лично и неограничено за злоупотреба на обврските, злоупотреба на средствата на здружението, злоупотреба на Здружението како правно лице, а се со цел да за нив или за друг прибават противправна имотна корист или нанесат штета на здружението и своите доверители.

Член 38

Членовите на органите на управувањето, се одговорни солидарно за штетата на Здружението, предизвикана од донесената одлука, заклучок или решение, ако тоа е предизвикано со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета.
Членот на органот, не одговара за штетата ако при гласањето го издвои своето мислење, не гласа за одлуката или друг акт и побара да тоа биде внесено во записник или пак не бил присутен на седницата кога се гласа, односно не учествува во одлучувањето на органот.

## XI, ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 39

Здружението има еден овластен застапник на Здружението.

Законскиот застапник на Здружението е Претседателот на Собранието кој се избира на начин и постапка утврдена во член 18 од овој Статут.

Член 40

Застапникот на здружението, го претставува Здружението и го застапува во правниот промет за остварување на целите утврдени со овој Статут и одлуките на Собранието.

Застапникот на Здружението ги спроведува донесените одлуки на Собранието, Извршниот одбор и одлуките и заклучоците на избраните комисии од органите на Здружението.

Води грижа за рационално користење на имотот и средствата на Здружението, инвестиционото одржување на објектите,нивното техничко и тековно одржување и зачувување на објектите и средствата со кое располага Здружението.

Склучува договори во име на Здружението.

Се ангажира и грижи за остварувањето на плановите, програмите, планираните приходи и утврдените расходи од Собранието.

Врши и други работи предвидени со овој Статут и други акти донесени од органите на Здружението.

## XII. НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 41

За остварување на целите и задачите на Здружението се обезбедуваат средства од:

-членарина;
-донации;
-камата на средства;
-кирии и закупнина;
-други приходи во согласност со законот и Статутот.

Член 42

Распределбата на средствата што се стекнуваат-остваруваат според член 41 од овој Статут се врши со финансики план на приходи и расходи, кои ги донесува Собранието со разгледување на завршната сметка од тековната година, а планот е со важност од 01.01. за наредната година.

Корекција на финансискиот план на приходи и расходи се врши по утврдувањето на финансискиот извештај, односно завршната сметка за претходната година. Корекција на финансискиот план може да се изврши и во текот на годината со одлука на Собранието- односно Извршниот одбор во колку има потреба од корекција на финансискиот план за тековната година придржувајки се на утврдените приходи и расходи.

Член 43

Здружението изготвува годишен финансиски извештај и го доставува на Собранието за негово усвојување, заради информирање на членството на здружението со годишниот финансиски извештај и остварените резултати.

Член 44

Во случај на престанок на работа на Здружението или во случај на забрана на работа на Здружението, средствата што остануваат по намирување на обврските и надоместоците на ангажираните пензионери во Здружението за извршување на определени работи, ќе се отстапат на друго здружение кое има слични активности за заштита на правата на пензионерите и остварување на целите утврдени со овај Статут.

## XIII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 45

Работата на Здружението е јавна, седниците на Собранието и Извршниот одбор се јавни и отворени и во таа смисла се создаваат услови за навремено и точно информирање на членовите и пошироката јавност.

Јавноста во работењето на Здружението се остварува и преку давање на соопштенија, известување преку дневен печат, весникот на Сојузот на пензионерите „Пензионер плус“, одржување на прес конференции и настап преку електронски медиуми, доставување на извештаи од Сојузот во кој членува Здружението и преку други форми на информирање.

## XIV.ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОГРАНОЦИ

Член 46

Здружението е организирано да дејствува на територијата на општина Делчево од членот 2 од овој Статут, преку организирање на Ограноци на Здружението.

Одлука за основање и укинување на Ограноците донесува Собранието предвидено со овој Статут на Здружението по предлог на Извршниот одбор на Здружението.

Иницијатива за основање Огранок може да поднесат Ограноците ако за тоа се произнеле најмалку 1/3 од членовите на Огранокот и Извршниот одбор на Здружението.

Член 47

Огранокот на Здружението има собир на членовите на огранокот и одбор на огранокот.
Собирот на членовите на Огранокот го сочинуваат сите пензионери кои живеат на тоа подрачије
Собирот на огранокот од редот на своето членство избира:

-Одбор на Огранокот;

-Предлага и избира членови во Собранието на Здружението, согласно одлуката на Собранието за бројот и составот на собранието, непосредно се избира и Претседател на Огранокот.

Одборот на Огранокот брои од 3-5 (три до пет) члена вклучувајки го и Претседателот ` на Огранокот со мандат од 4 (четири) години.

Одборот на Огранокот, од својот состав избира заменик на Претседателот.
Се избираа за перод од 4 години

Член 48

Собирот на членовите на Огранокот го свикува и со него раководи Претседателот на Огранокот.

Собирот може да се свика за прашања од целите и задачите утврдени со Статутот како и други прашања од интерес на пензионерите.

Собирот на Огранокот на Здружението може да работи и полноправно да одлучува ако на него присуствуваат најмалку 1о% од вкупниот број на членови на Огранокот.
Доколку по истекот на половина час од закажаниот термин, нема присуство од 10%, собирот ќе работи со присутните пензионери и ке одлучува полноважно со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните пензионери.
Во случај собирањето на членовите на Огранокот не го свика раководството на Огранокот, собирот ке го свика законскиот Застапник на Здружението.

Член 49

Собирот на Огранокот ги врши следните работи:

1.Дава мислења и предлози по материјалите кои ги разгледува Собранието и Извршниот одбор;

2.Покренува иницијатива и предлози за разрешување на одредени проблеми од целите и задачите на Огранокот на Здружението;

3.Учествува во организирањето и спроведувањето на културно забавниот живот, одморот, рекреацијата и организирањето на спортски игри и ревии на песни и игри;

4.Посета на болни пензионери, евиденитрање на изнемоштени пенизионери-членови, спроведување одредени хуманитарни актвности што ги превзема здружението или друга помош;

5.Информирање на членството за сите активности превземани од Здружението и други форми на здружување;

6. Дава мслење за стабилната положба по барање на членови за сместување во пензионерски домови и

7. По потреба за одредени прашања од делокругот на ограникот може да формира и комисија.

## XV. СОРАБОТКА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 50

Здружението остварува соработка со други здруженија во Републиката, и надвор од неа, заради остварување на целите и програмските активности на Здружението од областа на културно – забавниот живот, спортските активности, рекреација, хуманитарни активности и други активности заради реализација на програмите на Здружението.

Член 51

Заради остварување на слободно здружување и соработка, унапредување на својата работа и активности за усогласување и остварување на заедничките интереси во спроведувањето на целите од Статутот, како и остварување на други прашања од заеднички интерес, чланарина и солидарен фонд, Здружението се здружува во Сојуз на Здруженијата на пензионери на Македонија и учество во финансирањето на дејноста на Сојузот.

Член 52

На Статутот на Сојузот на пензионерите на Македонија дава согласност Собранието (Извршниот одбор) на Здружението, со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието (Извршен одбор) .

## XVI.НАЧИНОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ

Член 53

Материјално финансиското работење на Здружението на пензионерите се спроведува врз основа на Планот на приходите и расходите, во согласност со Законот и актите што ги донесуваат Органите на Здружението,

За извршување на целите и задачите, Здружението стекнува средства од изворите предвидени во член 41 од овој Статут.

Член 54

Наредбодавател за извршување на финансиско-материјално работење на Здружението и за исплата на средствата од редовното работење и солидарните средства на членовите по основ на членарина план на приходи и расходи на Здружението е Претседателот на Извршниот одбор на Здружението, а во случај на негова отсутност Секретарот на Извршниот одбор.

Член 55

Распределбата на средствата што се стекнуваат според член 41 од овој Статут се врши со Финансискиот план на приходи и расходи на Здружението за тековната година и се користат за остварување на програмските цели и задачи на Здружението и за учество во финансирањето на дејноста на СЗПМ. Здружението може да располага со недвижности, подвижни предмети, пари, хартии од вредност и друго.

Имотот се евидентира на посебни за тоа предвидени обрасци пропишани за таа цел од надлежен орган.

## XVII.АДМИНИСТРАТИВНИ И СТРУЧНИ РАБОТИ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 56

За извршување на административните работи и стручните работи во Здружението, кои се потребни за остварување на целите одредени во Статутот и остварување на дејностите на Здружението се се ангажираат пензионери заради обавување на административните и стручни работи во Здружението.

Член 57

Делокругот на работата на стручната служба опфаќа:

-Извршување на административна работа (деловодник, архива и ажурирање на евиденцијата на членството, најмалку еднаш на две години;
-Извршување на административно технички работи;
-Извршување на правни,консултативни и статистички работи;
-Водење на книговодствени работи за Здружението преку книговодствено биро;
-Вршење благајнички работи;
-Водење евиденција на средствата и имотот;
-Одржување на домовите и клубовите на пензионерите;
-Други работи што ке ги одреди Собранието и Извршниот одбор на Здружението.

Назначување на пензионери за вршење на стручни работи го врши Извршниот одбор по предлог на Претседателот на Извршниот одбор односно по предлог на законскиот застапник.

Со стручната служба на Здружението раководи Секретарот на Извршниот одбор.

За секое ангажирање на пензионер, член на Здружението, за извршување на стручни работи или други работи во врска со одржувањето на објектите и остварување на целите се склучува договор за извршување на работите.

Член 58

За извршување на работите од делокругот на стручната служба односно за целите и задачите на Здружението, се ангажираат стручни лица од редот на пензионерите.

Член 59

Ангажираните лица за извршување на работите од делокругот на стручната служба имаат право на одреден надоместок-награда која со акт ја утврдува Извршниот одбор на Здружението.

## XVIII.СОЛИДАРЕН ФОНД ЗА ВЗАЕМНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА

Член 60

Здружението преку лично учество на членовите-пензионери, член е на Солидарен фонд за взаемна помош на корисниците на пензија.

Премијата на Солидарниот фонд од членовите на Здружението, за секој месец им се задржува од страна на фондот на ПИОМ преку чекот од пензијата и истата се уплатува на збирна сметка на фондот на ПИОМ.

Со уплатената премија, во случај на смрт осигурен е само носителот на пензија.

Висината на посмртната помош и исплатата на посмртната помош на семејството на починатиот пензионер се врши од страна на подрачната единица при фондот на ПИОМ веднаш по поднесување на бараната документација пропишана со посебни правила.

Висината на задршката на средствата за солидарен фонд ја утврдува посебно тело формирано од страна Сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија.

## *XIX* СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

Член 61

Во Здружението можат да се извршат статусни промени и тоа:

-Присоединување кон друго Здружение;

-Присоединување на друго Здружение кон ова Здружение и

-Поделба на Здружението на две или повеќе во колку Здружението делува на две или повеќе општини.

Статусните измени-промени се вршат со донесување на одлука од Собранието на Здружението, со 2/3 (двотретинско) мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието.

Статусните измени во Здружението ке се извршат согласно одредбите за статусни измени во глава 9 од Законот за Здруженија и фондации.

## XX. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 62

Здружението на пензионери престанува да постои ако е:

-Донесена одлука за престанок на Здружението од надлежен орган;

-Поминало двојно повеке време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а седницата на Собранието не е одржана;

-Во две последователни години не е донесена завршна сметка за работењето на Здружението.

-Со статусни измени кои предвидуваат престанок на Здружението;

-Донесена одлука за престанок на Здружението од надлежен суд;

-Со стечај и спроведена ликвидација и

-Кога бројот на членовитена Здружението се намали испод предвидениот број за основање на Здружение.

Одлуката за престанок на Здружението врз основа на став1 алинеја 2,3 и 7 од овој член, донесува надлежен суд на предлог на Законскиот засртапник на Здружението.

## XXI. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 63

Статутот на Здружението се донесува на начин и постапка пропишана со овој Статут.

Комисијата за Статут и правни прашања, изготвува нацрт на Статутот на Здружението.

Извршниот одбор на Здружението, го разгледува нацртот на статутот и утврдува Нацрт-Статут.

Утврдениот Нацрт Статут, Извршниот одбор го дава на јавна расправа по ограноците на Здружението. Јавната расправа трае 15 (петнаесет) дена.

По истекот на рокот за јавната расправа, Комисијата за Статут, ги разгледува пристигнатите предлози, мислења и сугестии и на основа на тоа изготвува текст на предлог на Статут.

Извршниот одбор на седница го разгледува доставениот нацрт Статут и со 2/3 (двотретинско) мнозинство од вкупниот број на членови, утврдува Предлог Статут.

Утврдениот предлог Статут, Извршниот одбор го доставува до членовите на Собранието на разгледување и усвојување.

Собранието со 2/3 (двотретинско) мнозинство гласови од вкупниот број на членови донесува одлука за усвојување-донесување на статутот.

Член 64

Измена и дополнување на статутот се донесува на начин и постапка како што се донесува Статутот.

Измена и дополна на статутот може да покрене, Претседателот на Собранието, Извршниот одбор и најмалку 1/3 (еднатретина) од Ограноците на Здружението.

Измена и дополна на статутот и неговото усогласување се врши по постапка на Закон за здруженија и фондации.

**XXII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 65

Здружение на старосни,семејни,инвалидски и други пензионери од општина Делчево продолжува со работа во согласност со Законот за здруженија и фондации.
Основа на работењето на Здружението се Ограноците на Здружението. Кои продолжуваат со работа како основни ќелии на Здружението кои се најнепосредно поврзани со членовите-пензионери на Здружението, а организирани се согласно одредбите на овој Статут.

Член 66

Актите на Собранието и Извршниот одбор на Здружението донесени според постојниот Статут, ке се усогласат со овој Статут во рок од 6 (шест) месеци од неговото влегување во сила.

До колку нешто не е речено со овој Статут ке се применуваат директно одредбите од Законот за здруженија и фондации и неговите измени и дополнувања.

Член 67

Автентично толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението.

Член 68

Овој Статут влегува во сила со денот на негово донесување.

Пререгистрација на Здружението ке се изврши во рок од 30 (триесет) дена од неговото донесување во Регистерот на Здруженија при Централниот регистер на РС.Македонија.

Член 69

Со денот на стапување во сила на овој Статут, престанува да важи досегашниот Статут на Здружението на пензионери Делчево донесен на 15-03-.2017 година.

**Делчево**
**29-06-.2019 година**

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ДЕЛЧЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ГОЛОБИНКА АНАСТАСОВА**